# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

09.10.2023 година
бр. 15 година 58
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на граничен премин ,,Маркова Нога‘‘

Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на граничен премин ,,Маркова Нога‘‘, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 09.10.2023 година.

Бр.09-2218/1 — Градоначалник
09.10.2023 година — Јован Тозиевски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 22, став (1) , точка 1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02), член 97, став (9) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), член 23, став (1), точка 47 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на општина Ресен‘‘ бр.01/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен, на седница одржана на ден 09.10.2023 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**За ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на граничен премин ,,Маркова Нога‘‘**

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште инвеститорот – Министерство за финансии, Царинска управа на Република Северна Македонија, при постапка за добивање на одобрение за градење на граничен премин ,,Маркова Нога‘‘, Општина Ресен

Член 2

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Ресен‘‘.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 08 –2165/4
Од 09.10.2023год.
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р.

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Решението за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 09.10.2023 година.

Бр.09-2218/2
09.10.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,бр.5/02), член 23 став 1 точка 3 и член 33 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 09.10.2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2024 година

1. Со ова Решение се формира Комисија за изработка на Предлог-Програма на Совет на Општина Ресен за 2024 година,во состав:

-Ирена Стрезовска Кукуловска, Претседател
-Мемет Хоџа, член
-Александра Јосифовска, член

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен”.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2165/5
09.10.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р.

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 -Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 09.10.2023 година.

Бр.09-2218/3
09.10.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

Врз основа на чл.40 ст. 1 од Законот за урбанистичкото планирање ( ,,Сл.Весник на РСМ“ бр.32/20), чл. 23, ст. (1), т. 7 од Статутот на Општина Ресен (,,Сл. Гласник на Општина Ресен‘‘ бр.07/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на општина Ресен на седница одржана на ден 09.10.2023 год. донесе:

**ПРОГРАМА**

**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

**Ф - 10 Урбано планирање**

**Ф10 – Урбанистичко планирање**

**Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година**

Со Оваа Програма се дополнува Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-2964/19 од 14.12.2022 година , Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-635/32 од 14.03.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 4/2023год, Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-940/19 од 26.04.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 6/2023год),

Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-1159/13 од 30.05.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 8/2023год), Програмата за дополнување на Програмата Ф - 10 Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 год. под бр. 08-1348/8 од 27.06.2023 год. ( Службен гласник на Општина Ресен бр. 11/2023год) во делот III. Урбанистички Планови и Урбанистички проекти кои ќе се финансирани од физички лица и правни лица, се додаваат следната точка:

**70. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРАБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА**

Б 5.1 Хотелски комплекси на КП 202/6, КО Шурленци, Општина Ресен.
Проектниот опфат на урбанистичкиот проект на северо-запад и северо-исток се граничи со катастарската парцела КП 202/1 Шурленци.
На запад се граничи со катастарските парцели: 203/2, 204/2, 202/2, 202/5, 200/2, 201/1, 201/2, 201/3, 201/5, 201/6 и 199/3 КО Шурленци. На југо-исток се граничи со КП 425 КО Шурленци која се води како зпио- земјиште под инфрструктурен објект од каде се планира пристапот до парцелата т.е. проектиот опфат.
Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 21 135 м или приближно околу 2,11 ха.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08 –2165/6 Претседател

Од 09.10.2023 год. Ирена Стрезовска Кукуловска с.р.

Ресен

***С О Д Р Ж И Н А :***


1. Одлука за ослободување на инвеститорот од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на граничен премин ,,Маркова Нога“...........................................................................................стр.1

2. Решение за формирање на Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Ресен за 2024 година.......................стр.3

3. Програма за дополнување на Програмата Ф-10 Урбано планирање Ф-10 Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2023 година...........................................................стр.4



**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**